# ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА
## ЗА ДОКТОРИ НА СТОМАТОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **ИМЕ, ПРЕЗИМЕ** | |
| **ДАТУМ НА ПОЛАГАЊЕ** | |

*-ТЕСТОТ СЕ ПОЛАГА СО ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЕДЕН ТОЧЕН ОДГОВОР ОД ПОНУДЕНИТЕ ПЕТ МОЖНИ ОДГОВОРИ.*
*-СИТЕ ПРАШАЊА НОСАТ ПО ЕДЕН (1) БОД.*
*-ТЕСТОТ СЕ СМЕТА ЗА ПОЛОЖЕН ДОКОЛКУ СЕ ОСВОЕНИ НАЈМАЛКУ 14 БОДОВИ ОД ВКУПНО 20.*

1. **Glossodonia - та претставува:**

A) атрофија на јазичниот покривач
B) мигрирачки глоситис
C) жарење и печење на јазикот
D) сијалореја
E) сите одгвори се неточни

2. **Епилептичните гризења најчесто се локализирани на:**

A) тврдото непце;
B) мекото непце;
C) подот на усната празнина;
D) вентралната страна на јазикот
E) бочната страна на јазикот

3. **Што претставува caries profunda?**

A) кариес на емајлот
B) длабок кариес на дентинот
C) кариес на цементот
D) воспаление на пулпата
E) сите одговори се неточни

4. **Што е циркуларен кариес ?**

A) baby bottle caries
B) кариес на рано детство
C) кариес на млечни заби
D) сите одговори се точни
E) ниту еден одговор не е точен

5. **Површинска локална анестезија се користи за екстракција на:**

A) трајни заби
B) млечни ресорбирани заби
C) млечни нересорбирани заби
D) млечни ресорбирани и нересорбирани заби
E) не се употребува во стоматологијата

6. **Каква паста се употребува за канално полнење при ендодонтски третман на млади трајни заби?**

A) паста на база на калциум хидроксид
B) паста на база на кортикостероиди
C) паста на база на антибиотик
D) јодоформ клумски паста
E) паста на база на антисептик

7. **Што е хиподонција ?**
A) зголемен број на заби
B) прекубројни заби
C) ендокрина дисфункција
D) заби со нарушен распоред во вилицата
E) намален број на заби

8. **Болката се намалува со ладно кај:**
A) Полип на пулпа
B) Гноен пулпит
C) Серозен пулпит
D) Некроза на пулпа
E) Гангрена

9. **Гутаперка во ендодонција се користи за:**

A) Трајно полнење
B) Привремено полнење
C) За инлеи
D) за подлога
E) за прекривање на пулпа

**10. Болката како клинички симптом при гангрените се манифестира како :**

A) нема болка
B) спонтана болка
C) континуирана болка
D) испровоцирана болка од ладно
E) остра и секавична болка

**11. Тест со кој се испитува виталитет на пулпата :**

A) Термо тест
B) Перкусија
C) Селективна анестезија
D) Рентгенолографија
E) Палпација

**12. Положбата на физиолошко мирување на мандибулата:**

A) Се намалува со губење на забите
B) Се зголемува со губење на забите
C) Останува непроменето со губење на забите
D) Се одредува во моментот на голтање
E) Пациентот ја одредува сам

**13. Какви материјали се користат за компресионен функционален отпечаток?**

A) вискозни отпечаточни маси
B) меки пасти
C) каков материјал ќе се користи не е од посебно значење
D) сите видови отпечаточни материјали
E) восоци

**14. Избор за пеницилински алергични пациенти се следниве лекови:**
A) Clindamycin
B) Moxifloxacin
C) Metronidazole
D) сите се точни
E) ниту еден

**15. Radix relicta е:**

A) Длабоко фрактуриран корен
B) Фрактуриран корен кој делумно е видлив на преглед
C) заостанат корен
D) импактиран корен
E) сите одговори се неточни

**16. Во која дентиција најчесто се применуваат фиксните апарати?**

A) сите одговори се неточни
B) млечната дентиција
C) мешовита дентиција
D) перманентна дентиција
E) сите одговори се точни

**17. Слободен простор помеѓу перманентните централни инцизиви се нарекува?**

A) дијастема медијана
B) приматна дијастема
C) приметна дијастема
D) физиолошка дијастема
E) трема

**18. Како се делат коронките според површините што ги покриваат?**

A) комбинирани коронки
B) привремени коронки
C) делумни, цели, полни коронки
D) Артглас систем
E) едноделно леани коронки

**19. Клиничката слика на улцеро некрозниот гингивитис ја карактеризира:**

A) гангренозни промени на интерденталната гингива
B) гноен ексудат кој се сецернира од маргиналната гингива
C) инфламација од ексудативен тип со улцеро некрозни промени
D) ерозивно улцерозни промени со гноен ексудат на маргиналната гингива
E) инфламација со ерозивни промени на маргинална гингива

**20. Во кој од наведените случаи на забот не мора да се извади иако се наоѓа во фрактурна линија?**

A) ако е лекуван
B) ако е витален
C) ако е авитален
D) ако е пародонтопатичен
E) ако е скршен во горната третина на алвеолата

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË